# НОВ ТЕСТ ЗА РАК НА ДЕБЕЛОТО ЦРЕВО

Американските научници идентификувале биомаркер кој ќе овозможи ракот на дебелото црево да се открие уште во најраната фаза на развојот.

Методата се темели на маркерот CCSA-2 кој ќе овозможи полесно тестирање, со поголема прецизност, тврдат истражувачите од Универзитетот "Џон Хопкинс" и Универзитетот во Питсбург. Се проценува дека во развиените земји ракот на дебелото црево е третиот најчест вид на карцином. За негово откривање веќе постојат тестови на крвта, но тие се невалидни, зашто даваат лажни позитивни резултати во 60-90% од случаите. Со новиот тест лажните позитивни резултати се појавуваат само во 20% од случаите, а карциномот не се открива само во 9% од случаите.